**ВЕШТО ЛИЦЕ:**
**XXXX УУУУ**
**БР.ЛИЦЕНЦА 09-11**
**E-mail: hhhh.uuuu@yahoo.com**

# Наод и Мислење 4

**БАРАТЕЛ: Стојко Соколов од Петровец,**
**преку Адвокат Лабин Лабинов**
**(предмет МАЛВП-431/2024, Основен суд Кисела Вода)**

**Февруари, 2025**



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Врз основа на Барање за материјално-финансиско вештачење од **Стојко Соколов од Петровец**, поднесено преку Адвокат Лабин Лабинов, вештото лице XXXX YYYY со лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, издадена од Министерство за правда на РМ со број 09-11 од 03.03.2025 година, го дава следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Предмет на ангажирање на вештото лице согласно Барањето е да се изврши материјално-финансиско вештачење на основот од каде произлегува побарувањето на ЈП Комуналец Зелениково за период од 2006 г. заклучно со јуни месец 2024 г., во износ од 197.671 денари евидентирано на Картица на корисникот 61279 Стојко Соколов, да се наведат издадените фактури, износот на истите, датум кога се издадени и примени од страна на клиентот, дали истите се тужени, дали се поднесени на присилно извршување, истово за потребите на предметот МАЛВП-431/2024 што се води пред Основен суд Кисела Вода.

Од страна на вештото лице на ден 24.01.2025 г. преку електронската пошта на ЈП Комуналец Зелениково, како и преку архивата, беше доставено Известување за вештачење, со барање за достава на документација поврзана со предметот на спорот.

До вештото лице, преку електронската пошта, ЈП Комуналец Зелениково на ден 31.12.2025 г. достави Картица на корисник за лицето Стојко Соколов со шифра 61279, додека во однос на доставата на копии од фактури, на вештото лице му е одговорено дека заради промена на програмата и неколку пати изградба на софтвер, не се во можност да достават копии од фактурите за цел тој период.

## ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

1. Од страна на ЈП Комуналец Зелениково до Стојко Соколов заведен со шифра 61279, место на живеење ул.Борче Јованоски бр.102 Зелениково, е доставена последна опомена пред поднесување на Предлог за донесување на Решение за извршување. Според содржината на опомената Стојко Соколов се известува дека за извршени комунални услуги (потрошена вода и смет) на ЈП Комуналец – Зелениково му должи износ од 196.033,33 денари за период од 01/2006 г. до 04/2024 г.

2. Од извршениот увид во Картица на корисник за период 01.01.2006-31.05.2024 г. која е доставена од ЈП Комуналец Зелениково до вештото лице, се утврдува следнава евиденција што ЈП Комуналец Зелениково ја води за корисникот со шифра 61279 Стојко Соколов:

| Сметка бр | Датум | Должи | Побарува | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 03-611/956 | 21.04.2006 | 8.288,00 | | 8.288,00 |
| 03-76/4013 | 30.03.2007 | 8.799,00 | | 8.799,00 |
| 03-40/3425 | 12.02.2008 | 7.739,00 | | 7.739,00 |
| 03-622/1840 | 16.01.2012 | 3.238,00 | | 3.238,00 |
| 100 | 10.04.2012 | 1.230,00 | | 1.230,00 |
| 03-436/2860 | 09.10.2015 | 9.845,00 | | 9.845,00 |



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 585/15 | 09.10.2015 | 1.230,00 | | 1.230,00 |
| 03-737/2561 | 07.07.2015 | 10.740,00 | | 10.740,00 |
| 4039/16 | 07.07.2015 | 1.410,00 | | 1.410,00 |
| 03-888/2661 | 16.10.2019 | 10.740,00 | | 10.740,00 |
| 901/2019 | 16.10.2019 | 890,00 | | 890,00 |
| 2005 | 31.12.2021 | 8.802,00 | | 8.802,00 |
| 2007 | 31.12.2021 | 1.171,00 | | 1.171,00 |
| 2008 | 31.12.2021 | 7.936,00 | | 7.936,00 |
| 2009 | 31.12.2021 | 8.277,00 | | 8.277,00 |
| 2010 | 31.12.2021 | 9.744,00 | | 9.744,00 |
| 2011 | 31.12.2021 | 3.248,00 | | 3.248,00 |
| 2012 | 31.12.2021 | 7.656,00 | | 7.656,00 |
| 2013 | 31.12.2021 | 8.171,00 | | 8.171,00 |
| 2014 | 31.12.2021 | 2.685,00 | | 2.685,00 |
| 2015 | 31.12.2021 | 1.790,00 | | 1.790,00 |
| 2016 | 31.12.2021 | 7.160,00 | | 7.160,00 |
| 2017 | 31.12.2021 | 10.740,00 | | 10.740,00 |
| 2018 | 31.12.2021 | 4.475,00 | | 4.475,00 |
| 2019 | 31.12.2021 | 6.265,00 | | 6.265,00 |
| 2020 | 31.12.2021 | 10.452,00 | | 10.452,00 |
| 2021 | 31.12.2022 | 10.140,00 | | 10.140,00 |
| 2302008937 | 28.02.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 03-999/6529 | 23.03.2023 | 9.984,00 | | 9.984,00 |
| 263/23 | 23.03.2023 | 890,00 | | 890,00 |
| 2303008809 | 31.03.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2304010753 | 30.04.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2305007884 | 31.05.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2306007165 | 30.06.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2307007683 | 31.07.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2308007684 | 31.08.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2309008935 | 30.09.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2310007902 | 31.10.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2311005987 | 30.11.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2312005989 | 31.12.2023 | 819,00 | | 819,00 |
| 2022 | 31.12.2023 | 832,00 | | 832,00 |
| 2401007007 | 31.01.2024 | 819,00 | 819,00 | 0,00 |
| 2402010963 | 29.02.2024 | 819,00 | | 819,00 |
| 2403005323 | 31.03.2024 | 819,00 | 819,00 | 0,00 |
| 2404007233 | 30.04.2024 | 819,00 | | 819,00 |
| 2405007266 | 31.05.2024 | 819,00 | | 819,00 |
| | **ВКУПНО** | **197.671,00** | **1.638,00** | **196.033,00** |



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Од ваквата сметководствена евиденција на ЈП Комуналец Зелениково се утврдува дека побарувањето на ЈП Комуналец – Зелениково во износ од 196.033,00 денари од корисникот со шифра 61279 Стојко Соколов потекнува од испорачани сметки за потрошена вода и смет од 2005 г., па заклучно со 31.05.2024 г.

Согласно Член 367 од Законот за облигациони односи за една година застаруваат:

1) побарувањето на надомест за испорачана електрична и топлотна енергија, гас, вода, за оџачарски услуги и за одржување на чистота, кога испораката, односно услугата е извршена за потребите на домаќинството.

Имајќи ја предвид ваквата одредба од Законот за облигациони односи, а според евиденцијата содржана во Картица на корисник со шифра 61279 Стојко Соколов, се утврдува дека во моментот на изготвување на вештачењето побарувањето во износ од 193.576,00 денари е постаро од една година, односно побарувањето од сметки испорачани до една година изнесува 2.457,00 денари. Побарувањето од сметки испорачани до една година во севкупен износ од 2.457,00 денари произлегува од следниве сметки: бр. 2402010963 од 29.02.2024 г. на износ од 819,00 денари, бр. 2404007233 од 30.04.2024 г. на износ од 819,00 денари, како и бр. 2405007266 од 31.05.2024 г. на износ од 819 денари.

Ако се има предвид моментот на поднесување на предметната тужба 02.09.2024 г. се утврдува дека побарувањето во износ од 190.300,00 денари било постаро од една година, односно во моментот на тужбата побарувањето од сметки испорачани до една година изнесувало 5.733,00 денари, а произлегува од следниве сметки:

| Сметка бр | Датум | Должи |
|---|---|---|
| 2309008935 | 30.09.2023 | 819,00 |
| 2310007902 | 31.10.2023 | 819,00 |
| 2311005987 | 30.11.2023 | 819,00 |
| 2312005989 | 31.12.2023 | 819,00 |
| 2402010963 | 29.02.2024 | 819,00 |
| 2404007233 | 30.04.2024 | 819,00 |
| 2405007266 | 31.05.2024 | 819,00 |
| | **ВКУПНО** | **5,733,00** |

Врз основа на утврдената фактичка состојба го давам следното:

# М И С Л Е Њ Е

По однос на околностите наведени во Барање за материјално-финансиско вештачење од **Стојко Соколов од Петровец, поднесено преку Адвокат Лабин Лабинов**, поврзано со предмет бр.МАЛВП-431/2024 што се води пред Основен суд Кисела Вода:

Од сметководствената евиденција на ЈП Комуналец Зелениково се утврдува дека побарувањето на ЈП Комуналец – Зелениково во износ од 196.033,00 денари од корисникот со



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

шифра 61279 Стојко Соколов потекнува од испорачани сметки за потрошена вода и смет од 2005 г., па заклучно со 31.05.2024 г.

Согласно Член 367 од Законот за облигациони односи за една година застаруваат:

1) побарувањето на надомест за испорачана електрична и топлотна енергија, гас, вода, за оџачарски услуги и за одржување на чистота, кога испораката, односно услугата е извршена за потребите на домаќинството.

Имајќи ја предвид ваквата одредба од Законот за облигациони односи, а според евиденцијата содржана во Картица на корисник со шифра 61279 Стојко Соколов, се утврдува дека во **моментот на изготвување на вештачењето** побарувањето во износ од 193.576,00 денари е постаро од една година, односно побарувањето од сметки испорачани до една година изнесува 2.457,00 денари. Побарувањето од сметки испорачани до една година во севкупен износ од 2.457,00 денари произлегува од следниве сметки: бр. 2402010963 од 29.02.2024 г. на износ од 819,00 денари, бр. 2404007233 од 30.04.2024 г. на износ од 819,00 денари, како и бр. 2405007266 од 31.05.2024 г. на износ од 819 денари.

Ако се има предвид **моментот на поднесување на предметната тужба** 02.09.2024 г. се утврдува дека побарувањето во износ од 190.300,00 денари било постаро од една година, односно во моментот на тужбата побарувањето од сметки испорачани до една година изнесувало 5.733,00 денари, а произлегува од следниве сметки:

| Сметка бр | Датум | Должи |
|---|---|---|
| 2309008935 | 30.09.2023 | 819,00 |
| 2310007902 | 31.10.2023 | 819,00 |
| 2311005987 | 30.11.2023 | 819,00 |
| 2312005989 | 31.12.2023 | 819,00 |
| 2402010963 | 29.02.2024 | 819,00 |
| 2404007233 | 30.04.2024 | 819,00 |
| 2405007266 | 31.05.2024 | 819,00 |
| | **ВКУПНО** | **5,733,00** |

Февруари, 2025 година

**Вешто лице,**

XXXX YYYY
Бр.лиценца 09-11



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.